РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 бр. Q-1591/9

Бр./Nr 12-66/5
20-09-2021 г./v.

Врз основа на член 22 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријавата поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошен текст ДКСК), на продолжението на 51-та седница одржана на 01.09.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предмет број 12-1705/1 од 20.03.2019 година, оформен по доставена пријава од непознат подносител **СЕ ЗАПИРА**.

Наводите изнесени во пријавата дека ректорот на Универзитетот ----------------, – --------------- ја злоупотребил својата функција при доделување на договор за изградба на зградата на универзитетот, **НЕ СЕ ПОТВРДЕНИ**.

Предметот со број 12-1705/1 од 20.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-1705/1 од 20.03.2019 година е оформен врз основа на пријава број 09-1370/1 од 12.03.2019 година поднесена од непознат подносител. Наводите во пријавата се однесуваат на ---------------- Ректор на Универзитет „------------------„- за злоупотреба на својата функција во насока на кумулација на функции – ректор и претседател на Сенат на Универзитет, вработување на блиски лица, како и доделување на тендер за изградба на зграда за потребите на Универзитетот на лице кое е татко на лицето што го има изработено идејното решение. ДКСК оцени дека е потребно за наводите поврзани со доделување на тендер за изградба на зграда за потребите на Универзитетот да се формира нов предмет од областа на корупцијата, по што со службена белешка оформи нов предмет број 12-1705/1 од 20.03.2019 година.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање до Универзитетот „-----------" за прибирање документација и информации за постапката за јавна набавка врз основа на која е склучен договор за изградба на зградата. Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следнава фактичка состојба:

Обезбедената документација и договор се однесува на изведба на основен проект – партерно и ентериерно уредување за универзитетска зграда, а не за изградба на објект како што е на наведено во пријавата. Постапката за изработка на основен проект на универзитетскиот комплекс е започната и спроведена во 2017 година согласно планот за јавни набавки на Универзитетот за 2017 година. На ден 23.08.2017 година објавен е конкурс за избор на идејно решение на Универзитетскиот комплекс и по спроведената постапка, на

09.10.2017 година од страна на жири комисија како прво награден труд е избран проектот на "-------------------" доoел Тетово. Право да учествуваат на конкурсот имаат сите домашни и странски правни лица регистрирани за вршење дејност- проектирање кои поседуваат А лиценца за проектирање, како и странски и домашни физички лица – дипломирани архитекти со овластување А за проектирање. На конкурсот како најдобро решение е избран проектот на "-------------------" доoел Тетово, за што му се исплатени 600.000 денари како награда (предвидени со конкурсот).

Во насока на обезбедување докази дека избраната фирма поседува лиценци за проектирање од категорија А што согласно Законот за градење економските оператори треба да ги поседуваат, ДКСК се обрати до ресорното Министерство за транспорт и врски како надлежен орган кој ги доделува овие лиценци, за обезбедување потребната документација. Добиените документи упатуваат на тоа дека две вработените лица во со "-------------------" доoел Тетово се имаат стекнато со лиценци А во 2014, односно 2015 година, што е предуслов за правното лице да се стекне со соодветна лиценца А, независно од основачот на фирмата.

Со одлука број 05-491/1 од 02.11.2017 година формирана е комисија за доделување договор за набавка на услуга- изработка на основен проект за Универзитетскиот објект, партерно и ентериерно уредување. Изборот на изведувач е извршен со постапка со преговарање без претходно објавување на оглас согласно член 99 став 1 точка 3 од Законот за јавни набавки[1], кога по спроведен конкурс за избор на идејно решение, предметниот договор се на најдобро рангираниот учесник или на еден од најдобро рангираните учесници. По извршените преговори и договорени цени, услови и рокови, со "-------------------" доoел Тетово склучен е договор број 05-491/12 од 20.11.2017 година.

Во периодот на постапување на ДКСК по овој предмет, објектот не е изграден поради сеуште нерешени просторни и локациски услови. Проверката на податоците за вработените во фирмата со "-------------------" доoел Тетово, потврдуваат дека синот е сопственик на фирмата, а таткото е вработен, но констатираната состојба не упатува на незаконитост при доделување на договорот за изведба на основниот проект.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК констатира дека наводите изнесени во поднесената пријава не се потврдуваат, поради што ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ј.Ц.раководител на одделение
Одобрил: К.Н., член

[1] Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11,185/11,15/13,148/13,160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16.